**20111342964**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПРВ ДЕЛ ОД ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА - СМОКВИЦА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија - Смоквица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 септември 2011 година.

Бр. 07- 4051/1
29 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПРВ ДЕЛ ОД ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА - СМОКВИЦА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со заем во износ од 65.000.000 евра, како национално кофинансирање наменето за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија - Смоквица, кој делумно ќе се финансира преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската унија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија - Смоквица, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

Во име на Република Македонија, Финансискиот договор од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу пет транши.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу 25 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 60 дена и седум години од датумот на повлекувањето на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша, одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е меѓу три и 16 години од денот на повлекувањето на траншата.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот, одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 5

Делот од заемот во износ од 63.500.000 евра кој ќе биде наменет за финансирање на Договорот за градежни работи и Договорот за надзор над градежните работи за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија - Смоквица, ќе го спроведува Оперативната структура составена од Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта.

Делот од заемот во износ од 1.500.000 евра кој ќе биде наменет за финансирање на Договорот за обезбедување на техничка помош за Единицата за спроведување на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X на делницата Демир Капија - Смоквица, ќе го спроведува Агенцијата за државни патишта.

Член 6

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".